РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-243/6
04-11-2026 г./v.

Врз основа на член 22 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 41-та седница одржана на 30.10.2026 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-243/1 од 09.01.2026 година, оформен по пријава со наводи за сомневање за незаконско постапување на поранешниот директор на ОУ ----, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди, дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај, поради тоа што за предметниот случај постапиле други надлежни органи кои согласно закон презеле соодветни мерки за констатираните неправилности.

Предметот со број 12-243/1 од 09.01.2026 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата, на ден 09.01.2026 година, поднесена е пријава од непознат подносител со наводи за сомневање за незаконско постапување од поранешниот директор на ОУ----, врз основа на која е оформен предмет број 12-243/1 од 09.01.2026 година.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Во пријавата се наведува дека поранешниот директор, додека ја вршел функцијата, училишниот двор, односно училишното земјиште, го присвоил за себе, односно извршил противзаконско располагање со јавен училишен имот во своја корист, при што на наведениот простор во моментот се врши угостителска дејност (кафуле) и продажба на алкохолни пијалоци, спротивно на закон. Воедно, во пријавата се наведува дека поранешниот директор давал бесплатна поддршка на градоначалникот на Општина ----, за возврат да му биде овозможено користење на училишниот имот. Поранешниот директор во моментот е вработен како наставник во истото училиште.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба, ДКСК достави барање до Општина ---- за прибирање на податоци и информации во врска со наводите од пријавата.

Општина ----, со допис бр.---- од ---- година, достави одговор од кој произлегува дека од страна на Општина ---- не е издадена согласност за управување, користење или располагање со имотот на ОУ ---- на поранешниот директор или на било кое друго физичко или правно лице, како и дека таква согласност не е издадена за ниту едно училиште во општината.

Во истиот одговор е наведено дека во склоп на училишниот двор не се врши угостителска дејност, односно дека во училишниот двор нема кафуле, дека дворот на училиштето е заграден, како и дека училиштето не се наоѓа во ----, туку е со седиште во населено место ----. Кон одговорот е доставен и имотен лист бр.---- за предметната катастарска парцела, од кој произлегува дека сопственик на земјиштето е Република Северна Македонија.

ДКСК, се обрати до Министерството за економија и труд – Државен пазарен инспекторат, со барање да изврши вонреден инспекциски надзор во однос на наводите дали на наведената локација има регистриран правен субјект кој врши угостителски услуги и дали се врши продажба на алкохолни пијалоци.

Државниот пазарен инспекторат – Одделение за инспекциски надзор ----, достави одговор бр.---- од ---- година, со прилог Известување со фотографии и Записник бр.---- од ---- година.

Од доставената документација произлегува дека на ден ---- година е извршен вонреден инспекциски надзор над правното лице кое стопанисува со угостителскиот објект кој се наоѓа во ----. Со надзорот е утврдено дека угостителскиот објект работи под фирма ----, угостителската дејност се врши во сопствена куќа на приземје – кафетерија, дејноста е пријавена во ДПИ ---- и заверена под бр.--/- од ---- година за вршење угостителска дејност - кафетерија, управител на фирмата е ----.

При извршениот инспекциски надзор е констатирано дека фирмата работи без инсталиран фискален апарат, за што е извѐстена Управата за јавни приходи – Регионална дирекција ----, како и дека кафетеријата работела без изготвен норматив за храна и пијалоци, поради што е издаден Прекршочен платен налог за глоба за физичкото и за правното лице.

Од прибавените податоци и информации произлегува дека не е потврден наводот дека поранешниот директор на ОУ ---- незаконски располагал со училишниот имот, имајќи предвид дека Општина ---- нема издадено согласност за управување, користење или располагање со училишниот имот на поранешниот директор, ниту на друго физичко или правно лице.

Исто така, не е потврден наводот дека угостителската дејност се врши во училишниот двор. Имено, од податоците доставени од Општина ---- произлегува дека во училишниот двор не се врши угостителска дејност, додека од извршениот инспекциски надзор на Државниот пазарен инспекторат произлегува дека угостителскиот објект во ---- е регистриран на ---- и дејноста се врши во сопствена куќа на приземје – кафетерија.

Во однос на наводите за незаконско вршење угостителска дејност и продажба на алкохолни пијалоци, од доставената документација произлегува дека надлежниот орган – Државниот пазарен инспекторат, постапил во рамките на своите законски надлежности, извршил вонреден инспекциски надзор, ја утврдил фактичката состојба и презел конкретни мерки во однос на констатираните неправилности, односно издал прекршочен платен налог поради работење без фискален апарат и без изготвен норматив за храна и пијалаци.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК констатира дека во пријавениот случај постапиле други надлежни органи и презеле активности и мерки во однос на

констатираните неправилности согласно закон, па оттаму, утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател,

Адем Чучуљ

Изготвил: К.К., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р К.З., член на ДКСК